ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03 - 486 н
03.02 2026 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 4 од Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации бр. 09-280/3 од 11.01.2024 година, Градоначалникот на Општина Прилеп објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 01/2026**

**за прибирање на барања за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2026 година, наменети за финансирање на спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации**

Се повикуваат сите спортски клубови, професионални спортски клубови, здруженија и фондации да достават барања со комплетна документација во предвидениот рок.

Буџетските средства се наменети за поддршка на:

- здруженија и фондации;
- спортски клубови и здруженија од областа на спортот;
- Сојуз на спортови – манифестации, турнири и проекти од областа на спортот во интерес на Општина Прилеп;
- професионален спорт – професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Прилеп;
- општински сојуз на училишен спорт;
- училишни спортски клубови.

Формуларите за аплицирање може да се преземат од веб-страницата на Општина Прилеп.

**Задолжителна документација потребна за аплицирање на спортските клубови (согласно член 5 од Правилникот):**

- нова тековна состојба од клубот;
- доказ дека се обезбедени соодветни објекти, опрема и стручен кадар;
- потврда од соодветната спортска федерација во која категорија апликантот учествува (супер лига, прва лига, втора лига, трета лига, општинска лига, младинска лига, кадетска лига, пионери) и времетраењето на учеството на клубот во соодветната федерација;
- потврда од клубот дали наплаќа/не наплаќа членарина;
- годишна програма за работата и функционирањето на спортскиот клуб, односно здружението;
- постигнати резултати и успеси;
- детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции);
- извештај за потрошените средства добиени од Општина Прилеп за претходната година;

- информација каде и во кои спортски сали и/или спортски терени го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес во изминатите три години;
- прилози, фотографии, награди.

**Задолжителна документација потребна за аплицирање на здруженијата и фондациите (согласно член 6 од Правилникот):**

- нова тековна состојба од здруженијата и фондациите;
- годишна програма за работа и функционирање на здружението и фондацијата;
- предлог-проект (формулар за аплицирање) со кој ќе се развива културниот и општествениот живот во Општина Прилеп;
- извештај за потрошените средства добиени од Општина Прилеп за претходната година;
- детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот (број на ангажирани лица, опис на останатите трошоци по позиции).

Формуларот за аплицирање со целокупната документација се доставува до Општина Прилеп на адреса Прилепски бранители бр. 1, 7500 Прилеп, преку пошта или преку архивата на Општина Прилеп до Комисијата за финансирање и буџет (се доставуваат во приемното одделение на општината).

На ковертот треба да има назнака:

**Ј А В Е Н П О В И К бр. 01/2026** за прибирање на барања за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2026 година, наменети за финансирање на спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации.

Датум на објавување на јавниот повик: 04 февруари 2026 год.
Краен рок за доставување на пријавите: 18 февруари 2026 год.

Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општина Прилеп по овој повик ќе ја врши Комисијата за финансирање и буџет при Советот на Општина Прилеп, согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации бр. 09-280/3 од 11.01.2024 година.

По спроведената постапка, Градоначалникот на Општина Прилеп ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски на Општината со спортските клубови, професионалните спортски клубови, здруженијата и фондациите – корисници на финансиските средства.

Лице за контакт за подетални информации, секој работен ден од 10 до 15 часот:
· Гоце Бојкоски – 075 770 600

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Дејан Проданоски